**Одлука бр.4**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на електронска седница одржана на ден 19.12.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За определување на висината на таксата**
**за годишна регистрацијата на Ветерани во 2024 година**

**Член 1**

За годишна регистрација за 2024 година, за секој Ветеран матичниот клуб е должен да плати такса на ТФСМ во износ од 1.000,00 денари.

Годишната регистрација на Ветераните кои планираат и ќе настапат на помал број на турнири ќе изнесува 500,00 денари за првиот турнир, односно за секој нареден турнир уште по 100,00 денари, но во натпреварувачката 2024 може да им наплати не повеќе од 1.000,00 денари. За странци членки на домашни клубови регистрацијата е 2.000 денари.

**Член 2**

Секој Ветеран со подмирена такса од матичниот клуб за годишна регистрација за 2024 година, ќе биде евидентиран во електронската евиденција на ТФСМ и Ветеранот ќе се стекне со право да се натпреварува на турнирите/натпреварите од календарот на ТФСМ за 2024 година.

**Член 3**

Секој Ветеран кој ќе прави пререгистрација, односно кој ќе премине од еден во друг клуб ТФСМ ќе ја направи промената и ќе го евидентира во електронската евиденција под вториот клуб за остатокот од тековната година, а неговиот клуб е должен да плати нова такса во висина определена во член 1, став 1, односно 1.000,00 денари.

**Член 4**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2024 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2023 година

Тениска Федерација на Северна Македонија
1
Скопје